# ДРЖАВНИТЕ ЗНАМИЊА НА ЈУЖНИОТ БАЛКАН

*Иван Нацевски*

Македонско грбословно друштво,
Потретседател и хералд вардарски
https://orcid.org/0000-0002-7169-6039



УДК 929.9(497-13)(091)

https://www.doi.org/10.47763/mher2117064n

Рецензирана статија




## АПСТРАКТ

Под поимот знаме се подразбира ткаенина со точно определен дезен и бои, на којашто се истакнува симбол, а воедно и самото знаме претставува симбол. Современите знамиња можат да се дефинираат и како парче платно или сличен материјал што истакнува ознаки на суверена држава, заедница, организација, вооружени сили, канцеларија или индивидуа. Знамето обично, но не секогаш, е издолжено и прицврстено со едниот крај на копје или јарбол. Науката што се занимава со проучувањето на знамињата и нивниот развој се вика вексилологија. Науката што се занимава со создавање и дизајнирање знамиња се вика вексилографија.

Со почетокот на 19 век, револуционерните европски бранувања се префрлаат и на Балканот. Забрзаниот индустриски развој во Европа, потребата од ресурси, сигурни трговски патишта и нови пазари ќе бидат главните двигатели во забрзаниот и неизбежен распад на големото Отоманско Царство. Во виорот на револуциите ќе се родат новите балкански држави, а со тоа ќе се појават и нивните државни знамиња. Целта на овој труд е да се разгледаат знамињата на земјите на Јужниот Балкан: Грција, Србија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Босна и Херцеговина и Косово.

**Клучни зборови**: Државно знаме, Балкан, Балканска вексилологија

# THE STATE FLAGS OF THE SOUTHERN BALKANS

*Ivan Nacevski*

Macedonian Heraldic Society,
Vice President and Vardar Herald
https://orcid.org/0000-0002-7169-6039

UDC 929.9(497-13)(091)

https://www.doi.org/10.47763/mher2117064n

Peer-reviewed article

## ABSTRACT

The term flag means a fabric with a precisely defined pattern and colors on which a symbol is displayed, and at the same time it represents a symbol itself. Modern flags can also be defined as a piece of fabric or similar material that bears the insignia of a sovereign state, community, organization, armed forces, office, or individual. The flag is usually, but not always, elongated and attached to one end of a spear or mast. The science that deals with the study of flags and their development is called vexillology. The science of creating and designing flags is called vexillography.

At the beginning of the 19th century, the revolutionary European waves spread to the Balkans. Accelerated industrial development in Europe, the need for resources, secure trade routes and new markets were the main drivers in the accelerated and inevitable collapse of the great Ottoman Empire. In the whirlwind of revolutions, the new Balkan states were born, and with that, their state flags appeared. The purpose of this paper is to review the flags of countries of Southern Balkans: Greece, Serbia, Montenegro, Bulgaria, Albania, Bosnia and Herzegovina and Kosovo.

**Keywords**: State flags, Balkans, Balkan vexillology

Под поимот знаме се подразбира ткаенина со точно определен дезен и бои, на којапто се истакнува симбол, а воедно и самото знаме претставува симбол. Современите знамиња можат да се дефинираат и како парче платно или сличен материјал што истакнува ознаки на суверена држава, заедница, организација, вооружени сили, канцеларија или индивидуа. Знамето обично, но не секогаш, е издолжено и прицврстено со едниот крај на копје или јарбол (Britannica 2019). Науката што се занимава со проучувањето на знамињата и нивниот развој се вика вексилологија (Smith 1975). Науката што се занимава со создавање и дизајнирање знамиња се вика вексилографија (Smith 2001).

Точното потекло на знамињата е непознато. Сепак, предмети слични на знамиња се јавуваат како симболи уште во длабока древност. Најстари потврдени артефакти од овој тип се пронајдени во древен Египет. Употреба на знамеобразни предмети е потврдена во Кина и Индија. Од антиката, особено интересни се римските signa militaria, претставени со vexillum и легионската aquila (Нацевски 2011). Имено, римскиот vexillum ќе залегне како основа во името на науката за знамињата. Од времето на древна Македонија се сочувани податоци дека древномакедонската фаланга чекорела sub signum и signa infestis (Проева 1997, 113). Својата денешна форма, знамињата почнуваат да ја придобиваат во IX век во Византија (Миљковиќ 2003, 23). Всушност, развиената вексилолошка византиска практика е посведочена и од Псевдо – Кодин (Ацовић 2008, 23).

Во западна Европа, во средниот век, знамињата и вексилологијата биле интегрален дел на хералдиката (Јоновски 2019, 33). Имено, во средниот век, знамињата се користат првенствено како хералдички ознаки во битка. Ова овозможувало полесно да се идентификуваат оклопените витези отколку само со хералдичките грбови, насликани на штитови. Градовите – држави и комуните, како оние на Старата швајцарската конфедерација, веќе во средниот век започнуваат да користат знамиња. Како пример може да се посочи знамето на Шафхаузен, чијашто прва употреба е забележана во 1218 година, кога градот е прогласен за слободен (Britannica 2011).

За време на раниот модерен период, знамињата на полкови стануваат вообичаена глетка на бојното

The term flag means a fabric with a precisely defined pattern and colors on which a symbol is displayed, and at the same time it represents a symbol itself. Modern flags can also be defined as a piece of fabric or similar material that bears the insignia of a sovereign state, community, organization, armed forces, office, or individual. The flag is usually, but not always, elongated and attached to one end of a spear or mast (Britannica 2019). The science that deals with the study of flags and their development is called vexillology (Smith 1975). The science of creating and designing flags is called vexillography (Smith 2001).

The exact origin of flags is unknown. However, flag-like objects have appeared as symbols since ancient times. The oldest confirmed artifacts of this type have been found in ancient Egypt. The use of flaglike objects has been confirmed in China and India. From antiquity, the Roman signa militaria represented by the vexillum and the legions aquila are especially interesting (Нацевски 2011). Namely, the Roman vexillum will become the basic component in the name of the science of flags. Data from the time of ancient Macedonia that have been preserved inform that the ancient Macedonian phalanx walked sub signum and signa infestis (Проева 1997, 113). Flags began to acquire their present-day form in the ninth century in Byzantium (Миљковиќ 2003, 23). In fact, the broadly developed Byzantine vexillological practice is evidenced by Pseudo-Kodin (Ацовић 2008, 23).

In Western Europe in the Middle Ages, flags and vexillology were an integral part of heraldry (Јоновски 2019, 33). Namely, in the Middle Ages, flags were used primarily as heraldic symbols in battle. This made it easier to identify the armored knights than just the heraldic coats of arms painted on shields. Cities - states and communes, like those of the Old Swiss Confederation - began using flags during this period too. Typical example of this is the Schaffhausen flag whose first use was recorded in 1218 when the city was declared free (Britannica 2011).

During the early modern period, regimental flags became a common sight on the battlefield. In the time of the great navigations, starting from

поле. За време на големите пловидби, почнувајќи од почетокот на 17 век, станува вообичаено, а подоцна и законска обврска да се носат знамиња на бродовите за означување на нивната државна припадност. Дел од овие знамиња ќе прераснат во државните и поморски знамиња на некои земји денес.

Користењето знамиња вон нивната воена или поморска употреба започнува со појавата и порастот на националните движења од крајот на 18 век. Така, појавата на знамињата на земји како Австрија, Данска или Турција остануваат длабоко вткаени во светот на легендите, додека други, како оние на Полска и Швајцарија, произлегуваат од хералдичката практика на средниот век. Во 17 век ќе се појават неколку знамиња создадени во ек на револуционерна борба. Едно од нив е знамето на Холандија, коешто се појавува за време на 80-годишниот холандски бунт против шпанска доминација и воедно претставува прво знаме – тробојка. Првпат холандската тробојка се појавува во седумдесеттите години на 16 век (Jean Rey1837, 515f), а боите на денешното знаме се официјализирани во 1652 година (De Jonge 1831, 60 – 70). Ваквата состојба ќе се задржи до Француската револуција (Јоновски 2015, 223), откога ќе започне период на знамиња што не се директно поврзани со хералдички грбови. Иако не е најстар, францускиот триколор ќе одигра огромна улога во распространувањето на овој нов вид знамиња.

Полека, но сигурно, од 19 век до денес, знамињата стануваат најпрепознатливите државни симболи. Заедно со грбот и химната, тие го сочинуваат стожерот преку којшто секоја држава го изразува својот симболички идентитет. Основната функција на државното знаме е симболичко означување на државата, како и создавање, одржување и промовирање државен и национален идентитет. За да ја постигне оваа функција, знамето како симбол дава униформност, а преку тоа води до согласност околу неговото значење што е широко прифатено, почитувано и негувано од огромното мнозинство припадници на една државна заедница. Дополнително, знамето служи за да ја проектира и диференцира таа симболичка согласност на заедницата пред други држави и други заедници, со што јасно се ставаат до знаење стремежите и значењата на симболите. Најстарото државно знаме коешто е во употреба до денес е данскиот Dannebrog, првпат посведочено во средината на XIV век (Bjerg 2006, 12).

the beginning of the 17th century, it became a common and later legal obligation to carry flags on ships to indicate their state affiliation. Some of these flags will become the national and naval flags of some countries today.

The use of flags outside their military or naval purpose began with the emergence and rise of national movements in the late 18th century. Thus, the appearance of the flags of countries such as Austria, Denmark or Turkey remains deeply woven into the world of legends, while others, such as those of Poland and Switzerland, stem from the heraldic practice of the Middle Ages. In the 17th century, several flags appeared in the wake of revolutionary struggle. One of them was the flag of the Netherlands, which appeared during the 80-year Dutch revolt against Spanish domination and is also the first tricolor flag. The Dutch tricolor first appeared in 1575 (Jean Rey1837, 515f), and the colors of the present-day flag were made official in 1652 (De Jonge 1831, 60-70). This situation continued until the French Revolution (Јоновски 2015, 223) when the period of flags that are not directly related to heraldic coats of arms began. Although not the oldest, the French tricolor played a huge role in the spread of this new type of flag.

Slowly but surely, from the 19th century until today, flags have become the most recognizable state symbols. Together with the coat of arms and the anthem, they form the pillar through which each state expresses its symbolic identity. The basic function of the state flag is the symbolic marking of the state as well as the creation, maintenance and promotion of state and national identity. In order to achieve this function, the flag as a symbol gives uniformity, and through that leads to agreement on its meaning which is widely accepted, respected, and cherished by the vast majority of the members of a state community. In addition, the flag serves to project and differentiate that symbolic harmony of the community before other states and other communities, which makes the aspirations and meanings of the symbols clearly known. The oldest state flag in use to date is the Danish Dannebrog first witnessed in the mid-14th century (Bjerg 2006, 12).

Со почетокот на 19 век, револуционерните европски бранувања се префрлаат и на Балканот. Забрзаниот индустриски развој во Европа, потребата од ресурси, сигурни трговски патишта и нови пазари ќе бидат главните двигатели во забрзаниот и неизбежен распад на големото Отоманско Царство. Во виорот на револуциите ќе се родат новите балкански држави, а со тоа ќе се појават и нивните државни знамиња. Целта на овој труд е да се разгледаат знамињата на соседните земји: Грција, Србија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Босна и Херцеговина и Косово.

## ЗНАМЕТО НА ГРЦИЈА

Грција е прва земја на Балканот што ќе се стекне со независност, а со тоа и прва земја што ќе добие државно знаме. За време на отоманското владеење, во Грција се забележани неколку неофицијални знамиња што биле користени. Обично на овие знамиња бил прикажан византиски двоглав орел, крст или пак, прикази на светци и разни мота и девизи (Scartsis 2017, 38). Постојат податоци дека на христијанските грчки коњаници спахии, кои биле во служба на османлискиот султан, им било дозволено да користат знамиња во рамките на Епир и Пелопонез. Се претпоставува дека на овие знамиња имало син крст на бело поле со слика на свети Ѓорѓи како убива змеј (сл. 1), а истите се користеле од 1431 до 1639 година, кога оваа привилегија била речиси целосно ограничена од Султанот. Во Отоманската Империја, бродовите што биле во сопственост на припадниците на Рум милетот, а коишто ја претставувале таканаречената грчка трговска морнарица, имале право да веат свое знаме познато како „грчко-османлиско знаме“ (Γραικοθωμανική παντιέρα) (Scartsis 2017, 40). Знамето било со блазон, на црвено поле син појас (сл. 2). По Ќучуккајнарџискиот договор од 21 јули 1774 година, на овие трговски бродови им било дозволено да веат и руско знаме.

За време на востанието до 1769 година, споменатиот син крст на бело поле бил повторно користен од востаниците (Kokkoni, Tsiveriotis 1997, 29). Ова знаме


сл./Fig. 1


сл./Fig. 2

At the beginning of the 19th century, the revolutionary European waves spread to the Balkans. Accelerated industrial development in Europe, the need for resources, secure trade routes and new markets were the main driving forces in the accelerated and inevitable collapse of the great Ottoman Empire. In the whirlwind of revolutions, the new Balkan states were born, and with that, their state flags appeared. The purpose of this paper is to review the flags of neighboring countries: Greece, Serbia, Montenegro, Bulgaria, Albania, Bosnia and Herzegovina and Kosovo.

## THE FLAG OF GREECE

Greece was the first country in the Balkans to gain independence, and thus the first country to promote a state flag. Several unofficial flags were used during Ottoman rule in Greece, these flags usually featured a Byzantine double-headed eagle, a cross, or depictions of saints and various mottos and slogans (Scartsis 2017, 38). There are reports that Christian Greek Spahi cavalry in the service of the Ottoman sultan was allowed to use flags within Epirus and the Peloponnese. These flags are thought to have had a blue cross on a white field with a picture of St. George killing a dragon (fig.1) and were used from 1431 to 1639, when this privilege was almost completely restricted by the Sultan. In the Ottoman Empire, ships owned by members of the Rum millet, representing the so-called Greek merchant navy, had the right to fly their own flag known as the "Greek-Ottoman flag" (Γραικοθωμανική παντιέρα) (Scartsis 2017, 40). The flag had the following blazon: gules a fess azure (fig.2). After the Treaty of Küçük Kaynarca on July 21, 1774 these merchant ships were also allowed to fly the Russian flag.

During the uprising of 1769, the aforementioned flag with a blue cross on a white field was used once again by the insurgents (Kokkoni, Tsiveriotis 1997, 29). This flag became the most popular in the period that followed and was the most widely used flag of the 1821 Uprising (Scartsis 2017, 39). The

станува најпопуларно во периодот што следува и е најчесто користено знаме на Востанието од 1821 година (Scartsis 2017, 39). Инверзниот облик на знамето, т.е. на сино поле, бел крст, исто така се појавува како знаме за време на востанијата во отоманскиот период. Такво слично знаме од 16 или 17 век е пронајдено во близина на Хаања, на островот Крит. Сино знаме со бел крст користи Јанис Статас, на својот брод во 1800 година.

Со избивањето на востанието во 1821 година, се појавуваат и голем број востанички знамиња. Покрај крстот, на многу од овие знамиња се прикажани светци, феникс како симбол на повторното раѓање на грчката нација, девизи како „Слобода или смрт“ (Ελευθερία ή Θάνατος) или лицеобразни амблеми на Филики Етерија (Mazarakis –Ainian 2007, 55). За да се избегне антагонизирање на европските монархии – сојузници, кои со недоверба гледале на сите национални или социјално-револуционерни движења како што е Етерија, првото грчко национално собрание, свикано во јануари 1822 година, презема свесни чекори за да се оддалечи од тоа свое наследство, во обид да ја прикажуваат Грција како „конвенционална“ национална држава. Една од основните мерки што се преземени е укинувањето на сите револуционерни знамиња од време на Востанието и претходно, како и донесувањето едно универзално државно знаме.

Така на 15 март 1822 година, Привремената влада го утврдува знамето на Грција како: на сино поле, бел крст (сл. 3), цивилно и воено знаме на копно; девет наизменични ленти – сини и бели, со бел крст на сино поле во кантон (сл. 4) за државно и воено поморско знаме; и на сино поле во кантон на бело, син крст (сл. 5) за цивилно (трговско) поморско знаме (Scartsis 2017, 9-10). Причините зошто е избрано поретко употребуваното знаме (бел крст на сино), за сметка на повеќе популарниот син крст на бело поле во суштина остануваат непознати. Во 1828 година, цивилното (трговско) поморско знаме е укинато, а дотогашното воено поморско знаме станува и трговско. Овој дизајн станува веднаш


сл./Fig. 3


сл./Fig. 4


сл./Fig. 5

inverted shape of the flag, i.e. a blue cross on a white field, also appears as a flag during the uprisings in the Ottoman period. A similar flag from the 16th or 17th century was found near Chania on the island of Crete. A blue flag with a white cross was used by Giannis Stathas on his ship in 1800.

With the outbreak of the uprising in 1821, a number of insurgent flags appeared. In addition to the cross, many of these flags depicted saints, the phoenix as a symbol of the rebirth of the Greek nation, mottos such as “Freedom or Death” (Ελευθερία ή Θάνατος) or the face-shaped emblems of Filiki Eteria (Mazarakis-Ainian 2007, 55). In order to avoid antagonizing the European monarchies - allies who viewed all national or social revolutionary movements such as Eteria with distrust, the First Greek National Assembly, convened in January 1822, took conscious steps to move away from its legacy in an attempt to portray Greece as a “conventional” nation state. One of the basic measures taken was the abolition of all revolutionary flags from the time of the Uprising and before, as well as the adoption of a universal state flag.

Thus, on March 15, 1822, the Provisional Government established the flag of Greece as: on a blue field a white cross (fig.3), as a civilian and military flag on land; nine alternating stripes blue and white, with a white cross on a blue field in the canton (fig.4), as a state and naval ensign; and on a blue field in a white canton a blue cross (fig.5), as a civil (commercial) naval ensign (Scartsis 2017, 9-10). The reasons why the less frequently used flag was chosen (white cross on blue), at the expense of the more popular blue cross on a white field, remain essentially unknown. In 1828 the civil (commercial) naval ensign was abolished, and by then the naval ensign had become a civil ensign as well.

мошне популарен кај Грците и во практиката често се користел истовремено со државното копнено знаме. На тој начин, Грција долго време е единствена земја којашто ефективно користи две знамиња (Scartsis 2017, 10).

По прогласувањето на Кралството Грција, во 1832 година, новиот крал Ото го додава својот кралски грб во центарот на крстот (сл. 6) на воените, копнените и поморските знамиња. Указот од 1833 година предвидува и цивилно поморско знаме, односно трговско поморско знаме, но без кралскиот грб (ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ1833, 149-156). Со нов Кралскиот указ од 1858 година се пропишуваат детали за конструкцијата и димензиите на знамињата, опишани во указот од 1833 година, како и други знамиња. По абдикацијата на Ото во 1862 година, неговиот кралски грб бил отстранет од знамињата.


сл./Fig. 6

Во 1863 година, на грчкиот престол седнува 17-годишниот дански принц Вилијам, земајќи го името Георгиос I. Кралскиот указ од 28 декември 1863 година предвидува воведување круни во средината на крстот (сл. 7) од копненото и поморското воено знаме наместо грб (ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ 1864, 16-17). Со указ од 9 април 1864 година, квадратна верзија на копненото знаме со свети Ѓорѓи во средината на крстот се воведува како знаме на Армијата (ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ 1864, 85). Точната форма и употребата на знамињата е утврдена со Кралски указ на 26 септември 1867 година (ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ 1867, 700-701). На 31 мај 1914 година, нов Кралски указ распоредува дека знамињата со круна ќе се употребуваат како државни знамиња од министерствата, амбасадите и државните служби, додека поморското знаме без круна ќе се употребува како цивилно знаме.


сл./Fig. 7

На 25 март 1924 година е воспоставена Втората грчка република. Како резултат на тоа, круните биле отстранети од сите знамиња. На 20 февруари 1930 година, биле пропишани пропорциите на државното знаме како 2:3, со краците на крстот една петтина од ширината на знамето. Копненото државно знаме било предвидено да се користи од министерствата, амбасадите и воопшто сите државни

This design immediately became very popular with the Greeks and in practice was often used simultaneously with the state flag on land. Thus, Greece has long been the only country that effectively uses two flags (Scartsis 2017, 10).

After the proclamation of the Kingdom of Greece in 1832, the new King Otto added his royal coat of arms to the center of the cross (fig. 6) of military, civil and naval flags. The decree of 1833 envisaged a civilian naval ensign, i.e. a commercial naval ensign, but without the royal coat of arms (ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ 1833, 149 - 156). The new Royal Decree of 1858 prescribed details of the construction and dimensions of the flags described in the decree of 1833 as well as other flags. After Otto's abdication in 1862, his royal coat of arms was removed from the flags.

In 1863, 17-year-old Danish Prince William ascended the Greek throne, taking the name George I. The Royal Decree of 28 December 1863 provides for the introduction of crowns in the middle of the cross (fig.7) on the civil, military and naval flag instead of a coat of arms (ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ 1864, 16 - 17). By decree of April 9, 1864, a square version of the civil flag with St. George in the middle of the cross was introduced as the flag of the Army (ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ 1864, 85). The exact form and use of the flags were determined by Royal Decree of 26 September 1867 (ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ 1867, 700 - 701). On May 31, 1914, a new Royal Decree decreed that the flags with the crown would be used as state flags by ministries, embassies, and civil services, while the crownless naval ensign would be used as a civilian flag.

On March 25, 1924, the Second Greek Republic was established. As a result, the crowns were removed from all flags. On the 20th February 1930, the proportions of the national flag were prescribed as 2: 3, with the arms of the cross one-fifth of the width of the

и воени служби, додека поморското знаме требало да го користат воени и трговски пловни објекти, конзулати и граѓанството. На 10 октомври 1935 година, Георгиос Кондилис ја обновува монархијата, и веќе на 7 ноември 1935 година со указ, се враќа указот од 1914 година (ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ 1935, 2656). Со тоа, круната е вратена на соодветните знамиња. За време на Воената хунта во 1967 година, круната повторно е отстранета од знамињата, по заминувањето во егзил на кралот Константин II, на 13 декември истата година. Во 1969 година, поморското знаме е усвоено како единствено државно знаме. Дополнително, на 18 август 1970 година, односот на знамето е променет на 7:12.

Со паѓањето на Хунтата и обновувањето на демократијата во август 1974 година, со Закон 48/1975 и Претседателскиот указ 515/1975, копненото знаме е повторно усвоено. Ваквата ситуација ќе трае до 1978 година, кога со Закон 851 од 22 декември ќе биде утврдено поморското воено знаме без круна како единствено државно знаме за севкупна употреба (Scartsis 2017, 10). Ова знаме е во официјална употреба во Грција до денес.

Во однос на дизајнот на денешното знаме на Грција, но и некогашното копнено знаме, тие припаѓаат во групата знамиња што се изработени по урнек на поморски знамиња од 17 и 18 век. Најблиско знаме до денешното е она на Англиската источноиндиска компанија до 1707 година. До кој степен ова знаме извршило влијание при изработката на грчкото е тешко да се каже. Денес во Грција, ова се смета за несосема основана претпоставка. Подобар кандидат за инспирација се бара во американското знаме (Scartsis 2017, 11). Во секој случај, и американското знаме во основа е производ на британските колонијални знамиња, а дебатата кое од овие две е инспирација повеќе, наликува на додворување на посилниот отколку значајно научно истражување. Старото копнено знаме на Грција е најблиско како дезен на француското трговско поморско знаме до Француската револуција.

Едновремено се прават обиди за придавање континуитет на знамето, којшто би продирал длабоко наназад, со што се сака да се потврди неговата наводно неспорна ’грчкост‘. Бидејќи тоа е тешко заради типичниот поморски дизајн на знамето, поголемо внимание се обрнува на боите и

flag. The land flag was intended to be used by ministries, embassies and all state and military services in general, while the naval ensign was to be used by military and commercial vessels, consulates and citizens. On October 10, 1935, Georgios Condilis renewed the monarchy and on November 7, 1935, with a decree, the decree from 1914 was reinstated (ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ 1935, 2656). With that, the crown was returned to the appropriate flags. During the military junta in 1967, the crown was again removed from the flags, following the exile of King Constantine II on December 13 of that year. In 1969, the naval flag was adopted as the sole national flag. Additionally, on August 18, 1970, the ratio of the flag was changed to 7:12.

With the fall of the junta and the restoration of democracy in August 1974, Law 48/1975 and Presidential Decree 515/1975 re-adopted the land flag. This situation lasted until 1978, when Law 851 of December 22 established the naval military ensign without a crown as the sole state flag for general use (Scartsis 2017, 10). This is the official flag of Greece today.

Regarding the design of today’s flag of Greece, but also the former land flag, they belong to the group of flags made on the model of naval flags from the 17th and 18th century. The closest flag to the present-day Greek one is the flag of the English East India Company from 1600 to 1707. It is difficult to say to what extent this flag influenced the making of the Greek. Today in Greece this is considered an unfounded assumption. A better candidate for inspiration is sought in the American flag (Scartsis 2017, 11). In any case, the American flag is basically a product of the British colonial flags, and the debate over which of the two inspired the Greek is more a matter of flattering the stronger party than of significant scientific research. The old land flag of Greece is closest as a design of the French merchant naval flag to the French Revolution.

At the same time, attempts are being made to give continuity to the flag, which would go deep in the past, in order to confirm its supposedly indisputable Greekness. Because this task is difficult due to the typical naval design of the

одделните составни елементи на знамето. Така, боите се поврзуваат со божицата Атина, со Ахил, со Источното Римско Царство, па дури и со Александар Македонски, кој наводно веел сино-бели знамиња (Scartsis 2017, 13-20). Крстот пак се поврзува првенствено со Источното Римско Царство, со што се сака да се претстави Грција како единствен негов наследник. Кога станува збор за револуционерните знамиња пред и во текот на Востанието од 1821 година, целосно се пренебрегнува фактот дека огромен дел од учесниците во истото воопшто не се Грци, туку Албанци, Власи, па дури и Македонци. Од друга страна, кога станува збор за симболиката на Источното Римско Царство, таа се разгледува исклучиво како грчка, а употребата на тие симболи во останатите региони на некогаш огромното царство се смета како увоз на грчки идеи, што никако не може да одговара на тогашната реалност.

## ЗНАМЕТО НА СРБИЈА

Србија е втора земја на Балканот што успева да се стекне со самостојност од Отоманското Царство. Сепак, организираната борба против Османлиите, Србија ја започнува прва. Кон крајот на 18 век, Србија се наоѓа на балканската периферија од големото Османско Царство. Таквата положба овозможува близок контакт со христијанска Европа, а воедно овозможува ефикасна воена помош. Во тие услови, по децениски размирици, во 1804 година избувнува Првото српско востание. За време на востанието биле користени разни знамиња. Меѓу нив, треба да се спомене црвено-сино-црвено знаме со крст со огнила (Јовановић 2010, 120), коешто потсетува на грчко-осмалиското. Со разгорувањето и напредокот на востанието, почнале да се појавуваат војводски знамиња коишто биле уникатни со изразена уметничка вредност и нагласена експресивност. Симболите што се употребувале на овие знамиња, најчесто се преземани од Стематографијата на Христофор Жефаровиќ од 1741 година, којашто била исклучително популарна. Меѓу симболите ги среќаваме: крстот со четири огнила, грбот на Трибалија и разни други крстови. Повеќето од овие знамиња се изработени во Сремски Карловци од сликарите Стефан Гавриловиќ, Илија Гавриловиќ и Никола Апостоловиќ

flag, more attention is paid to the colors and individual components of the flag. Thus, the colors are associated with the goddess Athena, Achilles, the Eastern Roman Empire and even Alexander the Great who allegedly waved blue and white flags (Scartsis 2017, 13-20). The cross is associated primarily with the Eastern Roman Empire, which seeks to present Greece as its sole successor. When it comes to the revolutionary flags before and during the Uprising of 1821, the fact that a large part of the participants were not Greeks but rather Albanians, Vlachs and even Macedonians is completely ignored. On the other hand, when it comes to the symbolism of the Eastern Roman Empire, it is considered exclusively Greek, and the use of these symbols in other regions of the once vast empire is considered as an import of Greek ideas that cannot correspond to the reality of the time.

## THE FLAG OF SERBIA

Serbia is the second country in the Balkans that managed to gain independence from the Ottoman Empire. However, Serbia was the first to start an organized fight against the Ottomans. At the end of the 18th century, Serbia was located on the Balkan outskirts of the great Ottoman Empire. Such a position provided close contact with Christian Europe and at the same time provided effective military assistance. Under those conditions, in 1804 after decades of strife the First Serbian Uprising broke out. Various flags were used during the uprising. Among them, we should mention the red-blue-red flag with a cross with four firesteels (Јовановић 2010, 120) which closely resembles the Greek-Ottoman flag. With the intensification and progress of the uprising, chieftain flags began to appear, which were quite unique with pronounced artistic value expressiveness. The symbols used on these flags are most often taken from the Stematography of Hristofor Zhefarovich from 1741 which was extremely popular at the time. Among the symbols we find: the cross with four fires steels, the coat of arms of Tribalia and various other crosses. Most of these flags were made in Sremski Karlovci by the painters Stefan Gavrilovic, Ilija Gavrilovic и

(Самарџић, 1993).

Со формирање регуларни востанички единици, во 1809 година се создаваат и првите униформни знамиња. Така, редовните востанички единици најчестоноселе светложолти знамиња (Јовановић 2010, 121) со разни симболи, додека пак, војводските знамиња најчесто биле црвено-бели, со црн двоглав орел. Кратко време по крвавото задушување на скоро десетгодишното востание, во 1815 година избувнува Второто српско востание. Тоа довело до српска автономија во рамките на Османлиската Империја и воспоставување на Кнежеството Србија. Токму со стекнувањето на автономијата преку Хатишерифите од 1830 и 1833 година, ќе се појават и првите размислувања за единственото државно знаме. Првото српско државно знаме е определено со Сретенскиот устав, од февруари 1835 година. Втората глава од Уставот, во членовите 3 и 4, го утврдува грбот и знамето на Србија. Знамето е дефинирано како „светло црвено, бело и загасено челично“ (Ацовић 2003, 570). Бидејќи не е сочувано ниедно знаме од тоа време, а самиот устав е нејасен во однос на правецот на поделба на полињата на знамето, односно дали се хоризонтални или вертикални, како и дали на знамето има грб, останува неразрешена мистерија. Сепак, заради либералноста на овој устав, наскоро некои истражувачи сметаат дека поделбата е по вертикала и дека инспирација претставува францускиот триколор (Јовановић 2010, 122). На можноста, новоформираното кнежество да биде зафатено од републиканска револуционерна треска, Русија силно протестира и бара промена на уставот и знамето. Така, Сретенскиот устав останал во сила сосема кратко време. Од друга страна, и Османлиското Царство не сакало да дозволи државно српско знаме, бидејќи Србија била нивен вазал.

Сепак, при дипломатските преговори што Милош Обреновиќ ги водел со Османлиите, успеал да издејствува ферман од Високата порта за знаме (Ацовић 2003, 570). Високата порта ќе му дозволи на српскиот народ, на своите трговски бродови да користи свој тробоен бајрак. Знамето било предвидено како хоризонтална тробојка со горно црвено, средно сино и



сл./Fig. 8

and Nikola Apostolovic (Самарџић, 1993).

With the formation of regular insurgent units in 1809, the first uniform flags were created. Thus, the regular insurgent units usually carried light yellow flags (Јовановић 2010, 121) with various symbols, while the chieftains' flags were usually red and white, with a black double-headed eagle. Shortly after the bloody suppression of the almost ten-year uprising, in 1815 the Second Serbian Uprising broke out. This led to Serbian autonomy within the Ottoman Empire and the establishment of the Principality of Serbia. It was with the acquisition of autonomy through the Hatisheriffs of 1830 and 1833 that the first reflections on a single national flag would emerge. The first Serbian state flag was determined by the Sretenje Constitution of February 1835. The second chapter of the constitution in Articles 3 and 4, determines the coat of arms and the flag of Serbia. The flag is defined as "bright red, white and extinguished steel color" (Ацовић 2003, 570). Because no flag from that time has been preserved, and the constitution itself is unclear regarding the direction of division of the fields of the flag, i.e. whether they are horizontal or vertical, as well as whether there is a coat of arms on it, this flag remains an unsolved mystery. However, due to the liberality of this constitution, some researchers tend to believe that the division is vertical and that the inspiration is the French tricolor (Јовановић 2010, 122). Russia strongly protested the possibility of the newly formed principality being gripped by a republican revolutionary fever and demanded a change in the constitution and the flag. Thus, the Sretenje Constitution remained in force for a very short time. On the other hand, the Ottoman Empire did not want to allow a Serbian state flag as Serbia was a vassal state.

However, during the diplomatic negotiations that Milos Obrenovic conducted with the Ottomans, he managed to obtain a firman from the Sublime Porte (Ацовић 2003, 570) that allowed the Serbian people to use their tricolor flag on their merchant ships. The flag was envisaged as a horizontal tricolor with upper red, middle

долно бело поле (сл. 8) (Ацовић 2003, 570). Ова претставува прво појавување на боите на српското знаме, коишто ќе останат до денес. Сите понатамошни промени на знамето ќе се однесуваат на одредени негови елементи и симболи, но не и на боите и нивниот распоред. Првата измена на знамето ќе следува за три години, во 1838 година. Тогаш, со нов ферман, за да се избегнат тегоби во народните дела (Ацовић 2003, 574), на знамето од 1835 година во јарболицата на црвеното поле се додаваат четири златни ѕвезди, а на средината на синото поле – националниот грб (сл. 9).



сл./Fig. 9

Во првата половина на 1882 година, Србија е прогласена за кралство. Со новиот Устав од истата година, повторно се прави измена на знамето. Овој пат, Уставот во еден член прецизно го дефинира грбот на Кралството, а во последниот став ги дава народните бои: црвена, сина и бела (сл. 10) (Устав 1888, 1). Од ова произлегува употребата на знамето со или без државниот грб. Наредните два устава од 1901 и 1903 година не внесуваат никакви измени во државното знаме. Крајот на 1918 година, односно прогласувањето на Кралството на Срби, Хрвати и Словенци значи и крај на Кралството Србија, а со тоа и крај на српското државно знаме. Во меѓувоениот период, ниедна југословенска земја нема да има свое знаме вон државното југословенско. Во 1941 година, од германскиот нацистички окупатор ќе биде создадена квинслиншката држава Србија. За знаме ќе се користи српската тробојка со малиот грб на Кралството Србија, без круна (сл. 11).



сл./Fig. 10



сл./Fig. 11

По периодот на Народноослободителната војна, српските партизани ќе почнат да ја употребуваат српската тробојка, на којашто ќе биде поставена црвена ѕвезда петокрака (сл. 12). Ова знаме, со Уставот од 1947 година



сл./Fig. 12

blue and lower white field (fig.8) (Ацовић 2003, 570). This is the first appearance of the colors of the Serbian flag that remain in use until today. All further changes to the flag will refer to certain elements and symbols, but not to the colors and their layout. The first change of the flag followed three years later in 1838. Then, with a new firman, in order to avoid troubles in the folk works (Ацовић 2003, 574), four gold stars were added to the flag of 1835 in the mast of the red field, and the national coat of arms in the middle of the blue field (fig.9).

In the first half of 1882, Serbia was proclaimed a kingdom. The new constitution of the same year again changed the flag. This time the constitution in one article precisely defines the coat of arms of the kingdom, and in the last paragraph gives the national colors: red, blue and white (fig.10) (Устав 1888, 1). This results in the use of the flag with or without the coat of arms. The next two constitutions of 1901 and 1903 did not introduce any changes to the state flag. The end of 1918, i.e. the proclamation of the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes, meant the end of the Kingdom of Serbia, and thus the end of the Serbian state flag. In the interwar period, no Yugoslav country had its own flag outside the state Yugoslav flag. In 1941, the Territory of the Military Commander in Serbia was created by the Nazi's during the occupation. This quasi-state would use the Serbian tricolor with the lesser coat of arms of the Kingdom of Serbia without the crown (fig.11).

After the period of the People's Liberation War, the Serbian partisans started using the Serbian tricolor on which a five-pointed red star was placed (fig.12). The 1947 constitution introduced this flag as the flag of FR Serbia (Устав 1947).

ќе прерасне во знаме на СР Србија (Устав 1947). Уставите од 1963 и 1974 нема да наложат никакви измени во знамето, и тоа ќе остане непроменето до 1992 година. Уставот на Србија од 1990 година наведува дека знамето и грбот на Србија можат да се заменат само во истата постапка како за промена на српскиот устав (Устав 1990), за што е потребна поддршка од апсолутно мнозинство гласачи. Српскиот уставен референдум во 1992 година бара од гласачите да изберат помеѓу знамиња со и без ѕвезда петокрака. И покрај тоа што ѕвездата добива мнозинство гласови, сепак не добива апсолутно мнозинство. Така, петокраката е отстранета од знамето во 1992 година, по препорака на Српското собрание (Препорука 1992). Во 2003 година, Владата на Србија издава препорака за употреба на грбот и знамето, со што повторно се изменува изгледот на знамето и грбот, и тие ја добиваат својата конечна денешна форма (сл. 13). Со Уставот од 2006 година се предвидува дека државните симболи на Србија ќе бидат регулирани со закон (Устав 2006). Препораката од 2003 година останува на сила до 2009 година, кога е усвоен закон за знаме (Закон 2009). Во ноември 2010 година се прави визуелен редизајн на грбот, а со тоа и на знамето.

Во однос на дизајнот, српското знаме практично од неговата појава па до денес, припаѓа во големата група на тробојки. Поспецифично, се работи за знаме од групата на пансловенски тробојки, иако самото српско знаме е постаро од првото пансловенско знаме. Имено, во револуционерната 1848 година, во Прага ќе биде одржан Првиот сесловенски конгрес, на којшто по урнек на руското знаме, црвената, сината и белата ќе бидат избрани за сесловенски бои. Бидејќи српската тробојка има обратен распоред од руската, постојат многу теории за можни руски влијанија врз српското знаме. Ова секако не е исклучено, но сепак, поскоро се работи за среќно и корисно совпаѓање отколку за намерен процес. Како и да е, дури и самата руска тробојка се јавува под директно холандско влијание.



сл./Fig. 13

The 1963 and 1974 constitutions did not make any changes to the flag and it remained unchanged until 1992. The 1990 Constitution of Serbia stated that the flag and coat of arms of Serbia could only be replaced by the same procedures needed to amend the Serbian Constitution (Устав 1990), which required the support of an absolute majority of voters. Serbia's 1992 constitutional referendum required voters to choose between a flag with or without a five-pointed star. Although the star flag got the majority of votes, it still did not get the absolute majority and the five-pointed star was removed from the flag in 1992 on the recommendation of the Serbian Assembly (Препорука 1992). In 2003, the Government of Serbia issued a recommendation for the use of the coat of arms and the flag, which again changed the appearance of the flag and the coat of arms and with this they obtained their final present-day form (fig.13). The 2006 Constitution stipulates that the state symbols of Serbia will be regulated by law (Устав 2006). The 2003 Recommendation remained in power until 2009, when a new law was adopted (Закон 2009). In November 2010, a visual redesign of the coat of arms and the flag was approved.

In terms of design, the Serbian flag practically from its appearance until today, belongs to the large group of tricolors. More specifically, it is a flag from the group of Pan-Slavic tricolors, although the Serbian flag itself is older than the first Pan-Slavic flag. Namely, in the revolutionary year 1848, the First All-Slavic Congress would be held in Prague, at which, following the example of the Russian flag, red, blue and white would be chosen as all-Slavic colors. Because the Serbian tricolor has the opposite arrangement from the Russian, there are many theories about possible Russian influences on the Serbian flag. This is certainly not out of the question, but it is still a coincidental and useful match rather than a deliberate process. Whatever the case, even the Russian tricolor itself was heavily influenced by the Dutch tri-color.

## ЗНАМЕТО НА БУГАРИЈА

Берлинскиот конгрес, свикан како резултат на руско-турската војна 1877 – 1878 година, утврдува создавање на Кнежеството Бугарија и Источна Румелија како две државни творби со претежно бугарско население и широка автономија во рамките на Отоманската Империја. Со ова, Бугарија станува трета држава на Балканскиот Полуостров. Подоцна, во 1885 година, двете бугарски државни творби ќе се обединат во едно Кнежество Бугарија. За време на османлиското владеење, во Бугарија постојат повеќе сведоштва за употреба на различни знамиња. Така, Евлија Челеби во 1662 година пишува дека минувајќи низ габровскиот балкан е нападнат од ајдуци кои имале знамиња со крстови (Начев 1986, 72). Од истиот период постојат бугарски знамиња како дел од коронациските церемонии во Унгарија (Войников 2017, 249-252). Во првата половина на 19 век сѐ почесто ќе почнат да се појавуваат бугарски знамиња, но како и во случаите со Грција и Србија, тие сѐ уште се под силно верско влијание со црковни мотиви и крстови. Така, за време на Велчовата завера, се користело знаме слично на црковна хоругва (Войников 2017, 253). Од времето на Кримската војна, сочувани се три знамиња на бугарски доброволци, кои во војната учествувале од руската страна. На знамињата се среќаваат црковни мотиви, св. Ѓорѓи, како и грбот на Бугарија од Стематографијата на Жефаровиќ (Иванов 1998, 52-54). Сепак, до средината на 19 век не може да се зборува за некаква знаменска традиција во Бугарија (Войников 2017, 253). Прв и најзначаен за нејзиното создавање, несомнено е Георги С. Раковски. На Раковски треба да му се препише и изборот на зелената боја на бугарското знаме хоругва (Войников 2017, 254). Токму неговата поемата „Горски патник“ ќе биде искористена при создавањето на востаничките знамиња за време на Априлското востание од 1876 година (Иванов 1998, 26-37). Такви се знамињата на Стефан Караџа, Шуменските востаници, Карловскиот револуционерен округ, клисурските востаници и др.

Тробојните знамиња со црвена, бела и зелена боја, за прв пат ќе се појават во 1867 година како знамиња на Зајачарската чета (Войников

## THE FLAG OF BULGARIA

The Berlin Congress that convened as a result of the Russo-Turkish War of 1877-1878 established the creation of the Principality of Bulgaria and Eastern Rumelia as two stately structures with a predominantly Bulgarian population and broad autonomy within the Ottoman Empire. This made Bulgaria the third country formed on the Balkan Peninsula. Later in 1885 the two Bulgarian state creations were united into the Principality of Bulgaria. During the Ottoman rule in Bulgaria there are several testimonies of the use of different flags. Evliya Çelebi in 1662 writes that passing through the Gabrovo Balkan Mount he was attacked by thugs who had flags with crosses (Начев 1986, 72). From the same period there are Bulgarian flags as part of the coronation ceremonies in Hungary (Войников 2017, 249 – 252). Bulgarian flags appeared with increasing frequency in the first half of the 19th century, but as in the case of Greece and Serbia, they were still strongly influenced by church motifs and crosses. Thus, during the Velcho's Conspiracy, a flag similar to a church hurghava was used (Войников 2017, 253). Three flags of Bulgarian volunteers who took part in the Crimean War, on the Russian side, have been preserved. These flags feature Church motifs, St. George, as well as the coat of arms of Bulgaria from the Stematography of Hristofor Zhefarovich (Иванов 1998, 52 – 54). However, until the middle of the 19th century there can be no talk of any flag tradition in Bulgaria (Войников 2017, 253). The first and undoubtably most important person for the creation of the flag, is undoubtedly Georgi S. Rakovski. Rakovski should also be credited with choosing the green color of the Bulgarian flag (Войников 2017, 253). It is actually his poem "Mountain Traveler" that would be used in the creation of the insurgent flags during the April Uprising of 1876 (Иванов 1998, 26 – 37). Such are the flags of Stefan Karadzha, the flag of the Shumen insurgents, the flag of the Karlovo Revolutionary District, the flag of the Klisura insurgents and others.

The tricolor flag in red, white and green first appeared in 1867 as the flags of the Zayachar Company (Войников 2017, 257). To this day,

2017, 257). До денес е сочувано слично такво знаме на четата на Филип Тотју од истата 1867 година. Овие знамиња го следат моделот на пан-словенското знаме (Войников 2017, 258), со тоа што наместо сината се употребува зелена боја. За популаризацијата на овој модел знамиња, голема улога ќе одигра слика насловена како „Раковски в Балкана“. Едновремено, со овој модел ќе се појават и знамиња, направени по српски и руски урнек. Од нив, најстарите датираат од 1875 година. Првото знаме кај коешто трите бугарски бои се со денешен редослед е знамето на Старозагорските востаници од 1875 година. Врачанскиот револуционерен округ во 1876 година користи исто такво знаме. На изборот на бугарското знаме, силно влијае имало знамето што ќе го сошие ќерката на Иван Параскевов – Стилијана Параскевова, во романскиот град Браила, а коешто е предадено на бугарските доброволци, учесници во руско-турската војна. На овој начин, за време на војната почнува да преовладува рускиот модел на знамиња, каде распоредот на боите од горе надолу е следниот: бело, зелено и црвено.

Со крајот на војната и прогласувањето на Кнежество Бугарија, ќе се дојде и до создавањето и прифаќањето на првиот бугарски устав, познат како Трновска конституција, усвоена на 16 април 1879 година. Со неа, во членот 23 се предвидува дека бугарското национално знаме е тробојка и се состои од бели, зелени и црвени бои, поставени хоризонтално (сл. 14) (Конституция 1879). Со ова е официјализиран изгледот на бугарското знаме коешто ќе остане неизменето сè до 1947 година. Тогаш, во новодонесената Димитровска конституција, на знамето ќе се појави нов симбол. Имено, според член 84, знамето на веќе Народна Република Бугарија е тробојно и се состои од бела, зелена и црвена боја, при што во горниот бел агол е претставен грбот на НРБ (сл. 15) (Конституция 1947). Интересно е дека во тој момент сè уште не е дефиниран грбот на НРБ, па на знамето тој ќе се појави дури наредната 1948 година (Войников 2017, 267). Прв закон за државно знаме во Бугарија е донесен на 12 јуни 1967 (сл. 16). Тогаш е воведена регла-



сл./Fig. 14



сл./Fig. 15

a similar flag of Philip Totyu’s company from 1867 has been preserved. These flags follow the model of the Pan-Slavic flag (Войников 2017, 258) by using green instead of blue. A picture titled “Rakovski in the Balkans” played a big role in the popularization of this model of flags. Simultaneously with this model, flags made in the Serbian and Russian pattern appeared. The oldest of them date from 1875. The first flag in which the three Bulgarian colors are in the present-day order, is the flag of the Starozagora insurgents from 1875. The Vratsa Revolutionary District in 1876 used the same flag. The choice of the Bulgarian flag was strongly influenced by the flag sewn by Ivan Paraskevov’s daughter - Styliana Paraskevova, in the Romanian city of Braila, which was handed over to the Bulgarian volunteers participating in the Russo - Turkish war. In this way, during the war, the Russian model of flags began to prevail, where the arrangement of colors from top to bottom was as follows: white, green and red.

With the end of the war and the proclamation of the Principality of Bulgaria, the creation and acceptance of the first Bulgarian constitution known as the Tarnovo Constitution, adopted on April 16, 1879, took place. Article 23 stipulated that the Bulgarian national flag was a tricolor flag consisting of white, green and red horizontal bands (fig.14) (Конституция 1879). This formalized the appearance of the Bulgarian flag and would remain unchanged until 1947 with the adoption of the Dimitrov constitution of the flag. Namely, according to Article 84, the flag of the People’s Republic of Bulgaria is tricolor and consists of white, green and red, with the coat of arms of the People’s Republic of Bulgaria in the upper white corner (fig.15) (Конституция 1947). It is interesting that at that moment the coat of arms of the NBR had not been defined, so it would not appear on the flag until 1948 (Войников 2017, 267). The first law on the state flag

ментирана норма за неговиот изглед и употреба. Во истата 1967 година, Бугарија врши промена на државниот грб и следствено е коригирано знамето (сл. 17). Во 1971 година е донесен нов устав, познат како Живковска конституција, којашто повторно го менува грбот на знамето (сл. 18). Ваквата состојба ќе продолжи до 1991 година, кога ќе биде донесен нов устав, односно конституција. Во неа, со член 166 практично се враќа знамето од Трновската конституција како тробојно: бело, зелено и црвено, поставени водорамно од горе надолу (Конституция 1991). Последниот закон за знаме, кој е сè уште во сила е донесен во 1998 година. Со него се регулирани формата, боите и материјалите од коишто се изработува знамето, а воедно и начинот на неговата употреба (Закон 1998).

Во однос на дизајнот, бугарското знаме практично од неговата појава па до денес, припаѓа во големата група на тробојки. Се работи за знаме, силно повлијаено од групата на пансловенски тробојки, иако наместо сината, на него се среќава зелената боја. Може да се каже дека знамето го следи рускиот модел на распоред на боите, каков што е впрочем и примерот со Словенија и Словачка.


сл./Fig. 16


сл./Fig. 17


сл./Fig. 18

## ЗНАМЕТО НА ЦРНА ГОРА

За разлика од останатите балкански земји, Црна Гора има свој особен историски развој. Нејзината положба помеѓу Османлиското Царство и Венецијанците, во голема мера ќе придонесат за раното воспоставување христијанска власт во добар дел од територијата на денешна Црна Гора. Во текот на постарата историја, на подрачјето на денешна Црна Гора се користеле различни знамиња за коишто постојат конкретни податоци за нивниот облик и содржина. За разлика од грбот, црногорското знаме ќе биде дефинирано релативно доцна. Положбата во рамките на Османлиската Империја, се разбира, не дозволувала постоење на државно знаме. Почетокот на процесот на градење на државата во Црна Гора се поклопува со големата историска

in Bulgaria was adopted on June 12, 1967 (fig.16) when a regulated norm for its appearance and use was introduced. In the same year, 1967, Bulgaria changed the coat of arms and consequently the flag was corrected (fig.17). In 1971, a new constitution known as the Zhivkov Constitution was adopted, which again changed the coat of arms on the flag (fig.18). This situation continued until 1991 when a new constitution was adopted. With it, Article 166 practically returnd the flag from the Tarnovo Constitution as a tricolor of white, green and red placed horizontally from top to bottom (Конституция 1991). The most recent law regarding the flag was adopted in 1998. It regulates the form, colors and materials from which the flag is made, as well as the manner of its use (Закон 1998).

In terms of design, the Bulgarian flag practically from its inception until today, belongs to the large group of tricolors. It is a flag strongly influenced by the group of pan-Slavic tricolors, although instead of blue it has a green color. It can be said that the flag follows the Russian model of color scheme, as is the case with Slovenia and Slovakia.

## THE FLAG OF MONTENEGRO

Unlike the other Balkan countries, Montenegro has its own special historical development. Its position between the Ottoman Empire and the Venetians would greatly contribute to the early establishment of Christian rule in much of present-day Montenegro. Throughout the ancient history of the territory of Montenegro, various flags have been used for which there is specific information about their shape and content. Unlike the coat of arms, the Montenegrin flag will be defined relatively late. The position within the Ottoman Empire, of course, did not allow the existence of a state flag. The beginning of the state-building process in Montenegro coincides with a major historical turning point in the late 17th and early 18th centuries and continues with a serious liberation movement. The first indications

пресвртница кон крајот на 17 и почетокот на 18 век, преку сериозно ослободително движење. Од времето на Морејската војна (1684 – 1699) датираат и првите укажувања на еден од основните симболи на црногорските знамиња – крстот (Маркуш 2007, 60). Ова наоѓа своја поткрепа и во народната поезија, каде што поимот „крсташ“ е задолжителен епитет со секое спомнување на знамето. Прво знаме за коешто со сигурност има податоци, потекнува од 1768 година (Ibidem). Претходно нема подетален опис на црногорските знамиња, освен крстот, којшто постојано се јавува како незаменлив елемент. Повремено се среќаваат само извесни податоци за видовите знамиња што биле во употреба. Во 1768 година, Турците запленуваат знаме на црногорскиот владетел Шќепан Мали. Според описи на дубровнички трговци, знамето било бело со црвена рамка, и златен крст на врвот од копјето (сл. 19). Следниот податок за црногорското знаме е дури во 1838 година, со опис на бело знаме со мал црвен крст во средината (сл. 20).



сл./Fig. 19

Следниот развој на црногорското знаме ќе се случи во времето на Кнез Данило I Петровиќ. Имено, најпрвин во 1858 година, тој ќе нарача изработка на нов владетелски воен алај бајрак со опис: црвено поле на средината – бел двоглав орел со иницијали „ДІ“ и златен лав под орелот (сл. 21). Веќе во 1860 година, најверојатно по углед на француското, руското и српското знаме, Кнезот за првпат ќе истакне и тробојка (Маркуш 2007, 63). Во времето на кнезот Никола, популарноста и влијанието на тробојката ќе се зголеми значајно. Воедно ќе се дојде и до разграничување на тробојката како народно знаме, а на крсташ – бајраците како воени знамиња (ДА ЦГ,МВ, 1899). Тробојката е прифатена како црногорско знаме и на меѓународен план (Almanach 1901, 939), иако формално правно до крајот на 20 век, таа не е законски санкционирана. Тоа ќе се случи дури со првиот Црногорски устав од 1905 година. Во



сл./Fig. 20

of one of the basic symbols of the Montenegrin flags - the cross - dates from the time of the Morean War (1684-99) (Маркуш 2007, 60). This finds its support in folk poetry where the term “krstash” is a mandatory epithet with every mention of the flag. The first flag for which there is certainty dates back to 1768 (Ibidem). Previously, there was no detailed description of the Montenegrin flags except for the cross, which constantly appears as an irreplaceable element. There is some occasional evidence for the types of flags in use. In 1768, the Turks seized the flag of the Montenegrin ruler Šćepan Mali. According to descriptions from merchants from Dubrovnik, the flag was white with a red frame, and a golden cross on the top of the spear (fig.19). The next specific description of a Montenegrin flag occurs in 1838 with a description of a white flag with a small red cross in the middle (fig.19a).

The next phase in the development of the Montenegrin flag will take place during the reign of Prince Danilo I Petrovic. In 1858 he ordered the making of a new ruling military flag with the following description: a red field with a white double-headed eagle in the middle, with the initials “DI” and a golden lion under the eagle (fig.20). In 1860, probably inspired by the French, Russian and Serbian flags, the Prince displayed a tricolor for the first time (Маркуш 2007, 63). In the time of Prince Nicholas, the popularity and influence of the tricolor would increase significantly. At the same time, the tricolor would be distinguished as the national flag, and the flags with the cross as military flags (ДА ЦГ, МВ, 1899). The tricolor was accepted as a Montenegrin flag internationally (Almanach 1901, 939) although it was not legally sanctioned until the end of the 19th century. That occurred with the adoption of the first Montenegrin constitution in 1905. In it, the flag is described as red, bluish and white (fig.21) (Устав 1905). The constitution does not provide for any additional application of the flag, including the coat of arms. With



сл./Fig. 21

него, знамето е опишано како црвено, синкасто и бело (сл. 22) (Устав 1905). Уставот не предвидува никаква дополнителна апликација на знамето, вклучително ни државниот грб. Со прогласувањето на Црна Гора за кралство во 1910 година, не доаѓа до промена на народното, односно државното знаме. Ваквата состојба ќе се задржи до 1918 година, кога Црна Гора ќе се обедини со Србија, а кратко потоа ќе влезе во составот на новоформираното кралство СХС.



сл./Fig. 22

По крајот на Втората светска војна, со воспоставувањето на НДР, па потоа и на СР Црна Гора во рамките на СФРЈ, ќе се возобнови и црногорската тробојка. Знамето е дефинирано како црвено, сино и бело со црвена ѕвезда петокрака (сл. 23) (Устав 1946). Ова знаме ќе остане во основа непроменето сè до 1993 година. Тогаш, веќе во рамките на Сојузна Република Југославија, ќе биде отстранета петокраката, а сината боја ќе биде заменета со синкаста, односно светлосина (сл. 24) (Закон 1993). Ова всушност претставува враќање на знамето од Уставот од 1905 година, но со променет соодност на страните 1:3. Со конечниот престанок на постоење на Југославија и формирањето на Државната заедница на Србија и Црна Гора, во 2004 ќе биде усвоено и сегашното државно знаме на Црна Гора. Според закон, описот на знамето гласи: знамето е во црвена боја со грбот на средина и златен обраб (сл. 25) (Zakon 2004). Со други зборови, усвоен е обликот на военото знаме од времето на Кнежевството и Кралството, но со промена во боите на обработ и орелот, коишто од бели стануваат златни.



сл./Fig. 23



сл./Fig. 24



сл./Fig. 25

## ЗНАМЕТО НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Во историски контекст, Босна и Херцеговина се наоѓаат точно на фрактурната линија помеѓу Западното и Источното Римско Царство. Ваквата нејзина положба довела до многу специфичности што длабоко се одразиле врз кул-

the proclamation of Montenegro as a kingdom in 1910, there was no change in the national or state flag. This situation would continue until 1918, when Montenegro united with Serbia, and shortly afterwards it became part of the newly formed Kingdom of SCS.

After the end of the Second World War, with the establishment of the NDR and then of the FR of Montenegro within the SFRY, the Montenegrin tricolor would be resumed. The flag is defined as red, blue and white with a red five-pointed star (fig.22) (Устав 1946). This flag would remain essentially unchanged until 1993. Then, already within the Federal Republic of Yugoslavia, the five-pointed star will be removed and the blue color will be replaced with the bluish or light blue one (fig.23) (Закон 1993). This is actually a return to the design of the flag from the 1905 Constitution, but with an altered aspect ratio of 1: 3. With the final dissolution of Yugoslavia and the establishment of the State Union of Serbia-Montenegro in 2004, the current state flag of Montenegro was adopted. According to the law, the description of the flag is: the flag is red with the coat of arms in the middle and a gold rim (fig.24) (Zakon 2004). In other words, the military flag from the time of the Principality and the Kingdom was adopted, but with a change in the colors of the processing and the eagle, which turned to gold from white.

## THE FLAG OF BOSNIA AND HERZEGOVINA

Historically, Bosnia and Herzegovina is located exactly on the dividing line between the Western and Eastern Roman Empires. Its position has led to many specifics that have profoundly affected the culture and tradition

турата и традицијата на земјата. Во Османлиското Царство, Босна влегува нешто подоцна од останатиот Јужен Балкан, но исламизацијата на голем дел од населението, дополнително ќе ја зголеми сложеноста во нејзиното општество. Сепак, како и во останатите делови на Балканот, и тука ќе се одвиваат сите историски процеси коишто потпомагаат и водат до појава на државно знаме. Повеќе од сигурно е дека во текот на средниот век, во рамките на христијанските држави имало знамиња во употреба. Босна има развиена хералдичка и вексилолошка средновековна традиција (Filipović 2008, 115). За време на отоманското владеење, босанската муслиманска аристократија, која била во служба на Турците, исто така употребувала знамиња, но тие не се предмет на овој труд. Во таа смисла, прво знаме од наш интерес е она на востаниците на Хусеин, капетан Градашчевиќ, познат и како Змеј од Босна (Kreševljaković 1931, 8). Имено, во 1831 година, под негово водство избувнува востание на босанските муслимани, кои се незадоволни од укинувањето на јаничарството од султанот Махмуд II (Suceska 1985, 81), како и заради доделувањето автономија и територија на Кнежеството Србија (Kamberović 2002, 42). Востанието трае три години, и за тоа време, де факто Босна е независна. Знамето под коешто востанал Хусеин – капетан, било зелено со златна млада месечина и петокрака ѕвезда во средината (сл. 26). Со задушувањето на востанието, запира и употребата на знамето. Четири десетлетија подоцна, на Берлинскиот конгрес, Османлиите се согласуваат Босна да потпадне под австроунгарска власт (Zovko 2007, 13). Ова води до повлекување на Османлиите од Босна и Херцеговина. Во исто време, во Сараево била избрана народна влада и повторно била прогласена де факто независна Босна. По влегувањето на австроунгарските трупи во Босна, избувнале бунтови против австроунгарскиот окупатор. Знамето што го користеле бунтовниците, во 1878 година, повторно било зелено со жолта полумесечина и петокрака ѕвезда во средината. Знамето било усвоено на 28 јуни 1878 година, а во употреба останало само два месеца.



сл./Fig. 26

of the country. Bosnia entered the Ottoman Empire a bit later than the rest of the southern Balkans, but the Islamization of a large part of the population would further increase the complexity of its society. However, as in other parts of the Balkans, all the historical processes that supported and lead to the appearance of a state flag will take place here. It is more than certain that flags were in use within Christian countries during the Middle Ages. Bosnia has a developed heraldic and vexillological medieval tradition (Filipović 2008, 115). During the Ottoman rule, the Bosnian Muslim aristocracy that served the Turks also used flags, but they are not the subject of this paper. In that sense, the first flag of our interest is that of Hussein - Kapetan Gradascevic also known as the Dragon of Bosnia (Kreševljaković 1931, 8). In 1831, under his leadership, an uprising broke out among Bosnian Muslims who were dissatisfied with the abolition of janissary by Sultan Mahmud II (Suceska 1985, 81) as well as with the granting of autonomy and territory to the Principality of Serbia (Kamberović 2002, 42). The uprising lasted for three years, during which time Bosnia was a de facto independent state. The flag under which Hussein-kapetan stood was green with a golden crescent and a five-pointed star in the middle (fig.26). With the suppression of the uprising, the use of the flag stoped. Four decades later at the Berlin Congress, the Ottomans agreed that Bosnia should fall under Austro-Hungarian rule (Zovko 2007, 13). This led to the withdrawal of the Ottomans from Bosnia and Herzegovina. At the same time, a people's government was elected in Sarajevo and a de facto independent Bosnia was re-declared. Following the entry of Austro-Hungarian troops into Bosnia, riots broke out against the Austro-Hungarian occupier. The flag used by the rebels in 1878 was again green with a yellow crescent and a five-pointed star in the middle. The flag was adopted on June 28, 1878, and remained in use for only two months.

Following the consolidation of Austro-Hungarian rule, a new flag for Bosnia and

По зацврстувањето на австроунгарската власт, било адаптирано ново знаме за Босна и Херцеговина. Знамињата на земјите во рамките на австроунгарската монархија имале стандардизиран изглед. Сите знамиња биле поделени хоризонтално на два дела во различни бои. Боите избрани за Босна и Херцеговина се црвена и жолта, а за Херцеговина жолто-црвена (сл. 27). На босанското знаме имало и грб што бил новоусвоен (сл. 28). Во 1908 година, Босна и Херцеговина ќе биде официјално анектирана од Хабсбуршката монархија (Oršolić 2000, 301-303). Ова нема да доведе до сериозна промена во знамињата, освен што грбот од знамето на Босна ќе биде отстранет (сл. 29). Овие знамиња ќе останат во употреба до 1918 година, кога земјата ќе влезе во состав на Кралството СХС. Во овој период, Босна ги губи сите државни атрибути и нема свои ознаки (Filipović 2008, 105).



сл./Fig. 27



сл./Fig. 28

После крајот на Втората светска војна, со воспоставувањето на НДР, па потоа и на СР Босна и Херцеговина во рамките на СФРЈ, ќе се појави ново државно знаме. Сега веќе знамето е дефинирано како црвено, во горниот лев агол до копјето обрабено во златно-жолта боја, се наоѓа знамето на ФНРЈ (сл. 30) (Ustav 1946). Ова знаме ќе остане во основа непроменето сè до 1992 година.



сл./Fig. 29

По спроведен референдум, Босна и Херцеговина ќе прогласи независност од СФРЈ. Така, според новиот устав, изгледот на знамето е со правоаголен облик и бела боја, на чијашто средина се наоѓа грбот на БиХ (сл. 31) (Ustav 1992). Со истиот устав е усвоен и грбот чијшто опис гласи: Грбот на Република Босна и Херцеговина е во облик на штит, син, поделен на две полиња со бела дијагонална греда со по три златно-жолти лилјани во секое поле (Ustav 1992). Овие симболи се засновани на хералдичкото на-



сл./Fig. 30

Herzegovina was adopted. The flags of the countries within the Austro-Hungarian monarchy had a standardized appearance. All flags were divided horizontally into two parts in different colors. The colors chosen for Bosnia were red and yellow, and for Herzegovina yellow and red (fig.27). There was also a newly adopted coat of arms on the Bosnian flag (fig.28). In 1908 Bosnia and Herzegovina would be officially annexed by the Habsburg Monarchy (Oršolić 2000, 301-303). This would not lead to a serious change in the flags except that the coat of arms of the Bosnian flag was removed (fig.29). These flags would remain in use until 1918 when the country became part of the Kingdom of SCS. During this period Bosnia lost all state attributes and didn't have any insignia (Filipović 2008, 105).

After the end of the Second World War, with the establishment of the NDR and then the FR of Bosnia and Herzegovina within the SFRY, a new state flag will appear. Now, the flag was defined as red, in the upper left corner next to the spear lined in gold-yellow is the flag of the Federal People's Republic of Yugoslavia (fig.30) (Ustav 1946). This flag would remain essentially unchanged until 1992.

Following a referendum, Bosnia and Herzegovina declared independence from the SFRY. Thus, according to the new constitution, the appearance of the flag is rectangular in shape and white with the coat of arms of BiH in the middle (fig.31) (Ustav 1992). The same constitution adopted the coat of arms, the description of which reads: The coat of arms of the Republic of Bosnia and Herzegovina is in the shape of a shield, blue, divided into two fields with a white diagonal beam with three golden-yellow lilies in each field (Ustav 1992). These symbols are based on the heraldic

следство на Босна од средниот век, а се избрани заради својот наднационален, надетнички карактер, со цел да служат како обединувачка алка (Filipović 2008, 116). Во прво време, тие наидуваат на добар прием кај трите конститутивни народи, но постепено истите почнуваат да се поврзуваат конкретно со Бошњаците. На овој начин, тие ќе прераснат во конфликтни симболи што ќе мора да бидат променети (Filipović 2008, 119). Таа промена ќе уследи во 1998 година. Тогаш, во отежната атмосфера и скоро неволно ќе биде донесен Закон за знаме на БиХ. Според тој закон, знамето е сино. Десно од средината се наоѓа жолт триаголник. Паралелно со левата страна на триаголникот, од долниот раб до горниот се протегаат ред бели петокраки ѕвезди (сл. 32) (Zakon 1998). Изборот на боите и симболите на знамето се засновани на нивната неповрзаност со ниту еден од конститутивните народи на земјата (Filipović 2008, 121).

Според својата структура, знамето на Босна и Хецеговина претставува симбол на конфликт. Тоа припаѓа во иста група како знамињата на Косово (Јовановић 2019, 84) и Кипар. Заедничко за овие знамиња е што не содржат никакви симболи, поврзани со традицијата или историјата на земјите што ги претставуваат.



сл./Fig. 31



сл./Fig. 32

## ЗНАМЕТО НА АЛБАНИЈА

По победата над османлиска Турција, од сојузниците во Првата балканска војна, Албанија прогласува независност. На Лондонската конференција, албанската независност е призната од големите сили. Заради својата положба на западниот брег на Балканскиот Полуостров, Албанија е изложена на силно хералдичко влијание од средновековна Европа (Јоновски 2015, 355). Сепак, кога станува збор за знамиња, скоро и да нема специфична информација од средниот век. До некаде може да се претпостави дека барем Албанците православни христијани во јужна Албанија и Епир, имале некакви знамиња со крстови, какви што претходно беше споменато дека имало во Грција, Србија и Бугарија. Ова особено треба да

heritage of medieval Bosnia, and were chosen because of their supranational, supra-ethnic character in order to serve as a unifying link (Filipović 2008, 116). At first, they were well received by the three constituent peoples, but gradually they begin to be associated specifically with Bosnian Muslims. In this way they would grow into symbols of conflict that would have to be changed (Filipović 2008, 119). That change would follow in 1998. Then, in a difficult atmosphere and almost reluctantly, the BiH Flag Law would be passed. According to it, the flag is blue, to the right of the middle is a yellow triangle. A row of white five-pointed stars runs parallel to the left side of the triangle from the bottom edge to the top (fig.32) (Zakon 1998). The choice of colors and symbols of the flag was based on their unconnectedness with any of the constituent peoples of the country (Filipović 2008, 121).

According to its structure, the flag of Bosnia and Herzegovina is a symbol of conflict. It belongs to the same group as the flags of Kosovo (Јовановић 2019, 84) and Cyprus. What these flags have in common is that they do not contain any symbols related to the tradition or history of the countries they represent.

## THE FLAG OF ALBANIA

After the victory over Ottoman Turkey by the allies in the First Balkan War, Albania declared independence. At the London Conference, Albanian independence was recognized by the great powers. Due to its position on the west coast of the Balkan Peninsula, Albania was exposed to a strong heraldic influence from medieval Europe (Јоновски 2015, 355). However, when it comes to flags there is almost no specific information from the Middle Ages. To some extent it can be assumed that at least the Albanian Orthodox Christians in southern Albania and Epirus had some kind of cross flags as previously mentioned in Greece, Serbia and Bulgaria. This should be especially taken into account if we know that

се има предвид ако се знае дека голем дел од водачите на грчкото востание од 1821 година биле Албанци.

Првото знаме коешто може да се поврзе со Албанија и Албанците е од османлиско време. Се работи за поморско трговско знаме за бродови во сопственост на Албанци, поданици на Империјата. Знамето е црвено со црна лента во средината (сл. 33) (Јоновски 2015, 357). Постепено ова ќе прерасне и во народно знаме до средината на 19 век. Ова знаме е сè уште во употреба како крмено знаме на албанската граѓанска морнарица. Историјата на денешното албанско знаме започнува со крајот на руско-турската војна и Берлинскиот конгрес. Имено, по крајот на војната, Османлиите, обидувајќи се да ја подобрат својата позиција на Балканот, летото 1878 година потпомагаат собир на албански бегови, познат како Призренската лига (Jelavich 1999, 361). Тогаш за прв пат ќе биде развеано црвено знаме со црн двоглав орел. Двоглавиот орел како симбол е врзан со припишаните грбови на Ѓорѓија Кастриот Скендербег. Боите на знамето пак, веројатно се земени од поморското албанско знаме. Во однос на потеклото и појавата на знамето, нема сосема јасни податоци. Во 1902 година, Хуан Педро Аладро Кастриота, шпански државјанин кој тврди дека потекнува од Скендербег, распространува разгледници низ европските метрополи како што се Париз, Рим, Атина и Санкт Петербург, со фотографија од него покрај илустрација на албанското знаме. Во Отоманската Империја, извесни Нури Фрашери и Баско Барбатаси се обиделе да ги распространат овие разгледници заедно со календар, отпечатен на албански јазик (BEO 1879/140894). Примероци од разгледниците се чуваат во турскиот архив. Во 1910 на Собранието на Исниќ крај Дечани, Иса Болетини развејува знаме што е изработено од црвена свила со златни рабови, а во средината е поставен црн двоглав орел со глави од змија. Ова знаме, на 12 август 1912 година наводно било парадирано низ улиците на Скопје. Истото знаме било развеано и во Валона на денот кога Албанија ја прогласи својата независност. Денес ова знаме се чува во Скопје во Музеј на слободата. Музејот се наоѓа во општина Чаир и не е инсти-


сл./Fig. 33

many of the leaders of the Greek uprising of 1821 were Albanians.

The first flag that can be associated with Albania and Albanians is from the Ottoman period. It is a maritime trade flag for ships owned by Albanian subjects of the empire. The flag is red with a black stripe in the middle (fig.33) (Јоновски 2015, 357). Gradually this would grow into a national flag by the middle of the 19th century. This flag is still in use as a flag of the Albanian Civil Navy. The history of today's Albanian flag begins with the end of the Russo-Turkish War and the Berlin Congress. After the end of the war, the Ottomans, trying to improve their position in the Balkans in the summer of 1878, supported a gathering of Albanian beys known as the Prizren League (Jelavich 1999, 361). Then, for the first time, a red flag with a black double-headed eagle would be flown. The double-headed eagle as a symbol is tied to the attributed coats of arms of George Kastriot Skenderbeg. The colors of the flag, were probably taken from the Albanian naval flag. In 1902, Juan Pedro Aladro Castriota, a Spanish citizen claiming to be a descendant of Skanderbeg, distributed postcards in European capitals such as Paris, Rome, Athens and St. Petersburg, portraying himself with an illustration of the Albanian flag. In the Ottoman Empire, Nuri Frasheri and Basko Barbatasi tried to distribute these postcards together with a calendar printed in Albanian (BEO 1879/140894). Copies of the postcards are kept in the Turkish archives. In 1910, at the Assembly of Isnic near Decani, Isa Boletini waved a flag made of red silk with gold edges, in the middle of which a black double-headed eagle with snake heads. This flag was allegedly paraded through the streets of Skopje on August 12, 1912. The same flag was flown in Vlora on the day Albania declared its independence. Today this flag is kept in Skopje in the Museum of Freedom located in the municipality of Chair. On the internet only one news article in Albanian can be found about this flag. During the Albanian Uprising until 1911, the teacher and poet Palok Traboini brought three

туционализиран. За него можат да се најдат само написи во медиуми на албански јазик, коишто работат во Македонија. За време на Албанското востание до 1911 година, учителот и поет Палок Трабоини преку Далмација донесува три знамиња и ги доставува на водачите на востанието (Pepo 1962, 447). Знамињата биле изработени во Виена на барање на веќе споменатиот Аладро Кастриота и биле подарок за востаниците од Малесија.


сл./Fig. 34

Знамето што е подигнато на денот на прогласувањето независност на Албанија во Валона, на 28 декември 1912 година, е изгубено. Околностите во коишто знамето исчезнува и за кое точно знаме се работи се тема на опширна дискусија. Во секој случај, она што е сигурно е дека се работи за црвено знаме со црн двоглав орел. Во овој период сè до крајот на Втората светска војна и воспоставувањето на Народна Република Албанија, содржината на албанското знаме е иста, црвено со црн двоглав орел, но неговата форма не е стабилна. Така, за време на Републиката од 1925 до 1928 година, знамето е со квврадратна форма (сл. 34). Од 1928 до 1939 година, за време на кралството Албанија, меѓу главите на орлите е поставен шлемот на Скендербег (сл. 35). За време на италијанската окупација, на знамето се поставени италијански фасции (сл. 36). По капитулацијата на Италија, тие се отстранети.


сл./Fig. 35


сл./Fig.36

Од 1944 година, по завршувањето на Народноослободителната војна, на власт во Албанија доаѓа Енвер Хоџа. Во периодот од 1944 до 1946 година, знамето на Албанија во кантон, на знамето е поставен златен срп и чекан (сл. 37). Во 1946 година, српот и чеканот се отстранети, а на знамето е поставена ѕвезда петокрака меѓу главите на орлите (сл. 38). Ова знаме ќе се задржи до 1992 година. Со демократските промени во Албанија, петокраката станува непосакуван идеолошки симбол и е отстранета од знамето. На 22 јули 2002 година е донесен последниот закон за знаме, химна и


сл./Fig. 37

flags through Dalmatia and delivered them to the leaders of the uprising (Pepo 1962, 447). The flags were made in Vienna at the request of the aforementioned Aladro Castriota and were a gift to the Malesia rebels.

The flag raised on the day of Albania's declaration of independence in Vlora, December 28, 1912 was lost. The circumstances in which the flag disappeared and which exact flag is in question are the subject of extensive discussion. In any case, what is certain is that it was a red flag with a black double-headed eagle. In this period until the end of the Second World War and the establishment of the People's Republic of Albania, the content of the Albanian flag was the same, red with a black double-headed eagle, but its shape is not stable. Thus, during the republic from 1925 to 1928, the flag had a square shape (fig.33). From 1928 to 1939, during the Kingdom of Albania, Skanderbeg's helmet was placed between the eagles' heads (fig.34). Italian fasces were placed on the flag during the Italian occupation (fig.35). They were removed after the capitulation of Italy.

Enver Hoxha came to power in Albania in 1944 after the end of the People's Liberation War. From 1944 to 1946, a golden hammer and sickle was placed on a canton on the flag (fig. 36). In 1946 the sickle and hammer were removed, and a five-pointed star was placed on the flag between the eagles' heads (fig.37). This flag will remain unchanged until 1992. With the democratic changes in Albania, the five-pointed star became an unwanted ideological symbol and was removed from the flag. On July 22, 2002, the latest law on flag, anthem and coat of arms was adopted, which is still in effect. According to Article 3

грб, којшто сè уште е во сила. Според член 3 став 1 од овој закон, знамето на Република Албанија е крваво црвено поле со црн двоглав орел во средината, со отворени крилја на страните (сл. 39). Секое од крилјата на орелот има девет перје, додека опашката има седум перје (Fletorja 2002).

Концептуално, албанското знаме не припаѓа во ниедна вексилолошка група од претходните опишани погоре. Напротив, тоа повеќе се вклопува во групата на хералдички бајраци, изведени од грбот на државата. Најблизок пример за вакво знаме во Европа би било полското, иако двете знамиња се разликуваат на прв поглед.



сл./Fig. 38



сл./Fig. 39

paragraph 1 of this law, the flag of the Republic of Albania is a blood red field with a black double-headed eagle in the middle with open wings on the sides. Each of the eagle's wings has nine feathers, while the tail has seven feathers (fig.38) (Fletorja 2002).

Conceptually, the Albanian flag does not belong to any of the vexillological groups previously described above. On the contrary, it fits more in the group of heraldic banners made from the coat of arms of the state. The closest example of such a flag in Europe would be the Polish one, although the two flags differ at first glance.

## ЗНАМЕТО НА КОСОВО

Косово е област во средиштето на Балканскиот Полуостров. Во текот на целиот среден век, областа е од исклучително значење за српската држава и српскиот народ. Продорот на Османлиите на Балканот, како и последователната тешка окупација ќе придонесе до големи демографски промени на Балканот. Ова е особено видливо низ примерот на Косово. Со текот на османлиската власт, Косово се празни од српско население, на чиешто место од запад се населуваат Албанци. Сериозноста на овој процес најдобро се огледува во тоа дека на почетокот на 20 век, кога Косово повторно ќе стане интегрален дел на српската држава, Србите веќе нема да се мнозинско население во областа. Приматот ќе помине кај Албанците, кои уште од втората половина на 19 век, преку таканаречената Призренска лига ќе бараат Косово, како и делови од Македонија и Епир да се вклучат во новоформирана албанска држава, денес позната како Голема Албанија.

Од периодот на османлиското владеење, нема особени податоци за знамиња од територијата на Косово. За време на одржувањето на Првата призренска лига на 10 јули 1878 година, од Дед Кол Бајрактари е развеано црвено знаме со црн двоглав орел. По ослободувањето од османлиска власт и вклучувањето во состав на

## THE FLAG OF KOSOVO

Kosovo is an area in the center of the Balkan Peninsula. Throughout the Middle Ages, the area was extremely important to the Serbian state and the Serbian people. The penetration of the Ottomans into the Balkans and the subsequent occupation contributed to major demographic changes in the Balkans. This is especially evident through the example of Kosovo. During the Ottoman rule, Kosovo was emptied of Serbs, who were replaced by Albanians coming from the west. The seriousness of this process is best reflected in the fact that at the beginning of the 20th century, when Kosovo once again became an integral part of the Serbian state, Serbs were no longer the majority population in the area. The primacy passed to the Albanians who, from the second half of the 19th century through the so-called Prizren League, insisted that Kosovo, as well as parts of Macedonia and Epirus join a newly formed Albanian state today known as Greater Albania.

There is no specific data on flags from the territory of Kosovo during the period of Ottoman rule. During the First Prizren League on July 10, 1878, a red flag with a black double-headed eagle was flown by Ded Cole Bajraktari. After the liberation from the Ottoman rule and

Србија, па до едностраното прогласување независност на Косово во 2008 година, во официјална употреба се српското и југословенското знаме. Во меѓувреме, Албанците продолжуваат да го употребуваат знамето на Албанија како свое знаме. По 1969 година, тоа е и официјално дозволено, со тоа што на знамето на Албанија е додадена ѕвезда петокрака. По распаѓањето на СФРЈ, покраинскиот статус на Косово, доделен со Уставот од 1974 година, е укинат и станува интегрален дел од Србија. Официјално е само знамето на Србија. Во периодот по 1999 година па до пред прогласувањето независност, Косово е под администрација на Обединетите нации и единствено дозволено знаме за користење за официјални цели е знамето на ООН. Сепак, тоа не е така. Во практиката, Албанците на Косово го користат албанското знаме и тоа е истакнувано насекаде, па дури и во присуство на УМНИК.

Знамето на Косово е усвоено од Собранието на Република Косово веднаш по прогласувањето независност на 17 февруари 2008 година (Јовановић 2019, 83). Знамето е резултат на меѓународен натпревар за неговиот дизајн, организиран од УНМИК, поддржан од Обединетите нации. На конкурсот учество речиси илјада учесника. Сегашното знаме е варијанта на делото дизајнирано од Мухамер Ибрахими. Знамето е сино со шест бели петокраки ѕвезди во лак, над златната карта на Косово (сл. 40) (Gazetën 2009). Едно од објаснувањата за ѕвездите е дека тие ги симболизираат шесте главни етнички групи кои живеат на Косово.

Според својата структура, знамето на Косово претставува симбол на конфликт. Тоа припаѓа во иста група како знамињата на Босна и Херцеговина и Кипар. Заедничко за овие знамиња е што не содржат никакви симболи поврзани со традицијата или историјата на земјите што ги претставуваат (Јовановић 2019, 84). Конкретно косовското знаме е продолжение во низата знамиња што настануваат по распадот на СФРЈ, односно нова верзија на босанскиот пример. Двете знамиња се во бои, инспирирани од зна-



сл./Fig. 40

the integration in Serbia until the unilateral declaration of independence in 2008 in Kosovo, the Serbian and Yugoslav flags were in official use. Meanwhile, Albanians continue to use the Albanian flag as their flag. After 1969, this was officially allowed by adding a five-pointed star to the Flag of Albania. After the break-up of the SFRY, the provincial status of Kosovo granted by the 1974 constitution was abolished and it became an integral part of Serbia and only the flag of Serbia was official. In the period after 1999 until just before the declaration of independence, Kosovo was under the administration of the United Nations and the only flag allowed for official use was the UN flag. However, this is not the case in every day practice. In practice, the Albanians in Kosovo use the Albanian flag and it is displayed everywhere, even in the presence of UNMIK.

The flag of Kosovo was adopted by the Assembly of the Republic of Kosovo immediately after the declaration of independence on February 17, 2008 (Јовановић 2019, 83). The flag is the result of an international competition for its design, organized by UNMIK with the support of the United Nations. Almost a thousand participants took part in the competition. The current flag is a variant of the work designed by Muhammer Ibrahimi. The flag is blue with six white five-pointed stars in a bow above the golden map of Kosovo (fig.39) (Gazetën 2009). One of the explanations for the stars is that they symbolize the six main ethnic groups living in Kosovo.

According to its structure, the flag of Kosovo is a symbol of conflict. It belongs to the same group as the flags of Bosnia and Herzegovina and Cyprus. What these flags have in common is that they do not contain any symbols related to the tradition or history of the countries they represent (Јовановић 2019, 84). Specifically, the Kosovo flag is a continuation of the series of flags that appear after the disintegration of the SFRY, i.e. a new version of the Bosnian example. Both flags are

мето на Европската унија, коешто и самото е генерички симбол без каква било асоцијација со земјите што ја сочинуваат Унијата. Дури и ѕвездите се директна асоцијација на европското знаме. Дополнително, и двете знамиња содржат директна асоцијација на географската карта на земјите. Ова со сигурност е главната причина зошто и покрај донесувањето на знамето на Косово, кај косовските Албанци е поупотребувано албанското знаме, а кај Србите соодветно српското (Јовановић 2019, 85).

## ЗАКЛУЧОК

Во заклучок може да се каже дека развојот на државните знамиња на јужниот Балкан е тесно поврзан со создавањето на државите во него. За време на ајдутството во Османлиската Империја, Грција, Србија, Бугарија и Црна Гора покажуваат сличности во однос на знамињата што се користат. Ова се должи на припадноста на народите на овие земји на православната вера и изразениот религиозен карактер на ослободителните движења од тој период. Подоцна, во постреволуционерна Европа и создавањето на националните движења, секоја земја ќе побара симболи во некој постар средновековен извор преку којшто ќе се обиде да пресоздаде чувство на континуитет на својата државност од најрано време. Ваквите обиди ретко кога се во согласност со историските реалности и околности, и најчесто имаат псевдонаучен карактер. Грција има знаме коешто во основа е следбеник на поморските знамиња од 17 и 18 век. Најблиско современо знаме им е американското. Црна Гора во основа има редизајнирано воен бајрак од 19 век. Србија и Бугарија имаат тробојки од пансловенски тип. Албанското знаме е хералдички бајрак, а косовското и босанското припаѓаат на групата конфликтни знамиња. Во суштина се бележи бурен развој кај сите знамиња. Најмногу промени низ времето се забележуваат кај грчкото знаме. Бугарското знаме е најпостојано во однос на дизајн и бои, а слично може да се каже и за Србија. Албанија и Црна Гора покажуваат поголема тромост во однос на регулирањето на знамето, но имаат стабилно народно знаме и покрај тоа.

in colors inspired by the flag of the European Union which is itself a generic symbol without any association with the countries that make up the Union. Even the stars are a direct association of the European flag. Additionally, both flags contain a direct association on the map of the countries. This is certainly the main reason why, despite the adoption of the flag of Kosovo, the Albanian flag is more used by Kosovar Albanians, and the Serbian flag by the Serbs accordingly (Јовановић 2019, 85).

## CONCLUSION

In conclusion, it can be said that the development of state flags in the southern Balkans is closely linked to the creation of states in it. Greece, Serbia, Bulgaria and Montenegro show similarities in the flags used during the Ottoman Empire. This is due to the affiliation of the peoples of these countries to the Orthodox faith and the pronounced religious character of the liberation movements of that period. Later, in post-revolutionary Europe and the creation of national movements, each country would look for symbols in an older medieval source through which it would try to recreate a sense of continuity of its statehood from the earliest times. Such attempts are seldom in accordance with the historical realities and circumstances and most often have a pseudo-scientific character. Greece has a flag that is basically a follower of the naval flags of the 17th and 18th centuries. Its closest modern flag is the American one. Montenegro has basically a redesigned 19th-century military flag. Serbia and Bulgaria have pan-Slavic tricolors. The Albanian flag is a heraldic banner, and the Kosovo and Bosnian flags belong to the group of conflicting flags. In fact, there is a turbulent development in all flags. Most changes over time are observed in the Greek flag. The Bulgarian flag is the most consistent in terms of design and colors, and the same can be said for Serbia. Albania and Montenegro show greater laxity in regulating the flag, but have a stable national flag nonetheless.

Almanach de Gotha, *Annuaire généalogique, diplomatique et statistique*, Gotha 1901

Avdo Suceska, *Istorija drzave i prava naroda SFRJ*, Sarajevo 1985

Barbara Jelavich, History of the Balkans: Eighteenth and nineteenth centuries, Cambridge University 1999, 361

BEO 1879/140894 (27 Ra 1320)

Britannica, The Editors of Encyclopaedia. “Flag”. Encyclopedia Britannica, 10 Oct. 2019

Britannica, The Editors of Encyclopaedia. “Schaffhausen”. Encyclopedia Britannica, 6 Sep. 2011

Emir O. Filipovic, *Grb i zastava Bosne i Hercegovine u 20. Stoljeću*, Bosna Franciscana, časopis franjevačke teologije Sarajevo godina XVI • Broj 28, Sarajevo 2008

Fletorja Zyrtare e Republikës së Shqipërisë 48/2002

Hamdija Kreševljaković, *Husein-kapetan Gradašćević – Zmaj od Bosne*, 1931

Husnija Kamberović, Husein - Kapetan Gradaščević (1802 - 1834) Biografija. Uz dvjestotu godišnjicu rođenja, Gradačac 2002

Hans Christian Bjerg, Dannebrog - historien om et kristent og nationalt symbol, Hovedland 2006

I.K Mazarakis – Ainian, Η ιστορία της Ελληνικής Σημαίας (History of the Greek flag), Athens, 2007

Jean Rey, Histoire du drapeau, des couleurs et des insignes de la Monarchie française vol. 2, Paris, 1837

Johannes Cornelis de Jonge, Over den oorsprong der Nederlandsche vlag, Amsterdam, 1831

Labros S. Scartsis, Origin and evolution of the Greek flag, Athens, 2017

Ligji Nr.03/L-132 PËR PROTOKOLLIN E SHTETIT TË REPUBLIKËS SË KOSOVËS, Gazetën Zyrtare Republika e Kosovës 53/2009

Ljubomir Zovko, *Studije iz pravne povijesti Bosne i Hercegovine: 1878—1941*, Mostar 2007

E. Kokkoni & G. Tsiveriotis, Ελληνικές Σημαίες Σήματα – Εμβληματα (Greek flags Sings – Emblems), Athens, 1997

Petraq Pepo, Lufta për çlirim kombëtar në vitet 1878-1912, Tiranë 1962

Smith, Whitney. *Flags Through the Ages and Across the World* New York: McGraw-Hill, 1975

Smith, Whitney. Flag Bulletin XL:202 (2001)

Službeni list RCG, broj 47/2004 od 12.07.2004, Zakon o drzavnim simbolima I danu drzavnosti Crne Gore, clan 5

T. Oršolić, *Sudjelovanje dalmatinskih postrojbi u zaposjedanju Bosne i Hercegovine 1878*, Rad. Zavoda povij. znan. HAZU Zadru, sv. 42/2000, str. 287-308.

Ustav NR Bosne I Hercegovine 1946, clan 5

Ustav R BiH 1992 clan 8

Ustav R BiH 1992 clan 7

Zakon o zastavi Bosne i Hercegovine, 1998 clan 3

Εφημεριδα Της Κυβερνησεως 21/1833 3-6-1833

ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ ΤΗΣ ΚΥΒΕΡΝΗΣΕΩΣ 5/1864 3-2-1864

ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ ΤΗΣ ΚΥΒΕΡΝΗΣΕΩΣ 16/1864 25-4-1864

ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ ΤΗΣ ΚΥΒΕΡΝΗΣΕΩΣ 61/1867 19-10-1867

ΕΦΗΜΕΡΙΔΑ ΤΗΣ ΚΥΒΕΡΝΗΣΕΩΣ 541/1835 12-11-1935

Иван Нацевски, *Воена Хералдика*, Македонски Хералд бр. 5, 2011, Скопје

Наде Проева, *Студии за античките македонци*, Скопје 1997

В. Начев, *Горски вървища*, София 1986

Ѓорѓе Миљковиќ, *Илинденските знамиња и печати*, Скопје 2003

Драгана Самарџић, *Старе заставе у Војном Музеју*, Београд 1993

Драгомир М. Ацовић, *Хералдика и Срби*, Београд, 2008, 23

Државни Архив Црне Горе,Министарство Војно, 1899, бр. 92 од 16.8.1899

Държавен вестник No. 47/1998, Закон за държавния печат и националното знаме на Република България,

Сл. Гласник РС бр. 36-2009, Закон о изгледу и употреби грба, заставе и химне Републике Србије,

Службени лист Републике Црне Горе, 56/1993, Закон о грбу и застави Републике Црне Горе, члан 2

И. Войников, *История на българските дъжавни символи*, Велико Търново 2017

И. Иванов, *Българските бойни знамена и флагове*, София 1998

Јован Јоновски, *Македонски грбови со сонце и лав*, Скопје 2019

Јован Јоновски, *Симболите на Македонија*, Скопје, 2015

Јован Б. Маркуш, *Грбови, заставе и химне у историји Црне Горе*, Цетиње, 2007

Конституция на Българското Княжество, Велико Търново 1879

Конституция на Народна република България, 1947

Конституция на Република България, 1991

Ненад Јовановић, *Грбови, заставе и химне у историји Србије*, Београд – Подгорица 2010

Ненад Јовановић, *Државна хералдика у служби формирања нових идентитета*, Београд 2019, 83

Препорука о коришћењу заставе Србије, Службени гласник Републике Србије, 49/1992.

Устав Краљевине Србије : проглашен 22 децембра 1888. год. на Великој Народној скупштини : држаној у Београду месеца децембра 1888 год, 1

Устав Народне Републике Србије, Београд 1947, члан 5

Устав Републике Србије, Београд 1990, члан 5

Устав Републике Србије, Београд 2006, члан 7

Устав Књажевине Црне Горе 1905, члан 39

Устав Краљевине Црне Горе 1946